2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 17 септември 1975
Скопје
Број 33 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**390.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за организација на превозот во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ“, бр. 9/74), републичкиот секретар за сообраќај и врски донесува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ТЕХНИЧКО-ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА СО КОИ СЕ ВРШИ ЈАВЕН ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Јавниот превоз на патници и стока во патниот сообраќај може да се врши само со моторни возила кои покрај условите утврдени со прописите за безбедноста на сообраќајот ги исполнуваат и техничко-експлоатационите услови утврдени со овој правилник.

Член 2

Под техничко-експлоатациони услови, во смисла на овој правилник, се подразбираат условите што моторното и приклучното возило во зависност од видот и карактерот на јавниот превоз, мора да ги исполнува заради обезбедување на квалитетен превоз (удобност на патниците, заштита на предметите од расипување и оштетување и сл.).

#### II. ПАТНИЧКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 3

Автобусите и нивните приклучни возила што се употребуваат за јавен превоз на патници во линискиот и слободниот патен сообраќај имаат:

1. каросерија која е така конструирана и е во таква состојба што обезбедува заштита на патниците од атмосферските и другите надворешни влијанија;
2. сигурносни стакла на сите застаклени површини со тоа што стаклата на покривот да бидат во боја;
3. уреди за осветлување внатрешноста на возилата, уреди за проветрување, како и уреди за разладување на возилата;
4. уреди за регулирање на бучавата со тоа да јачината на бучавата може да изнесува најмалку 45 децибели;
5. навеси кои ги штитат патниците од сонце;
6. прибор за чистење и перење на возилата како и хигиенски кесици во темна боја од пластична материја за потребите на патниците;
7. чекан за кршење на стаклата во случај на сообраќајна несреќа;
8. исправен апарат за гасење на пожар;
9. прирачна аптека за укажување на итна помош.

Автобусите и приклучните возила што се употребуваат во зимскиот период мораат да имаат:

1. уреди за затоплување внатрешноста на возилото, што обезбедуваат температура најмалку од $+15^0$ С;
2. копач, лопата, синџири и потпирачи за тркала.

Во автобусите во кои се предвидени места за стоење мора да постојат држачи.

Член 4

Нумерирањето на седиштата во автобусите во меѓумесниот превоз се врши со арапски броеви што мора да се совпаѓаат со броевите на издадените билети.

Одредбата од претходниот став се однесува и на приклучните возила на автобусот.

Член 5

Растојанието помеѓу редовите на седиштата мора да изнесува најмалку 800 мм сметано од задниот раб на едното седиште до задниот раб на другото седиште. Широчината на надолжниот премин меѓу седиштата не може да биде помала од 450 мм, а длабочината на седиштата најмалку 460 мм.

Во автобусите седиштата се вградени во правец на движењето на автобусот и не можат да имаат помошни места за седење.

Редовните автобуси во линискиот сообраќај, како и автобусите во слободниот сообраќај кои сообраќаат на релации подолги од 100 км мора да имаат покретни седишта со висок наслон.

Седиштата кои се обложени со синтетичен материјал се обложени со платнени навлаки, а седиштата што имаат наслон за глава имаат навлаки што се менуваат по секоја возба.

Член 6

Автобусите со повеќе од 25 седишта треба да имаат на десната страна најмалку две врати за непречено влегување и излегување на патниците.

Член 7

Автобусите за јавен превоз на патници имаат ознаки и тоа:

1. Во линискиот и слободниот патен сообраќај:
   а) име и презиме на члековите на посадата на автобусот;
   б) вкупниот број седишта односно места за стоење;
   в) организацијата на која ѝ припаѓа автобусот.
2. Во линискиот патен сообраќај покрај ознаките од точка 1 и:
   а) местото на тргнувањето и пристигнувањето на одредена линија и најмалку едно место преку кое линијата минува; и
   б) возниот ред на линијата и ценовник за таа линија.
3. Во слободниот патен сообраќај, покрај ознаките од точка 1 и означувањето видот на возбата која се обележува со „слободна возба“.

Ознаките од точката 1, 2 и 3 на овој член мораат да се наоѓаат на видно место во автобусот.

Во случај на „бис возба“ покрај ознаките од став 1 на овој член означувањето на автобусите се врши по природен редослед со римски броеви.

Под „бис возба“ се подразбира воведување на повеќе автобуси за едно тргнување според возниот ред на истата линија.

Член 8

Во секој автобус за јавен превоз во линискиот патен сообраќај постои посебна контролна книга во која внесуваат забелешки инспекциските органи, како и органите на внатрешната контрола.

Контролната книга содржи 50 укоричени листа големина 21 : 15 на крајот заверена и регистрирана од страна на организацијата на здружениот труд. Во контролната книга организацијата го внесува регистарскиот број на моторното возило.

Член 9

Автобусите за јавен превоз треба да имаат затворен простор за сместување на багажот. Големината на овој простор треба да биде сразмерна на бројот на седиштата на автобусот сметајќи за секое седиште 30 кгр. багаж со тоа што секој килограм зазема од 2 дсм$^3$.

Во автобусот мора да бидат предвидени погодни места за сместување на рачен багаж.

## III. ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 10

Товарните моторни возила и нивните приклучни возила (товарни возила) можат да бидат отворени, покриени, затворени и специјални товарни возила.

Член 11

Отворените товарни возила се употребуваат за превоз на ринфус, денчани и други пакувани предмети на кои не им пречат атмосферските и другите надворешни влијанија (дожд, снег, прашина, топлина и студ и сл.).

Товарниот сандак на отворените товарни возила мора да биде ограден од сите четири страни со страници изградени од тврд материјал (дрво, метал и сл.), за обезбедување на предметите од растурање и испаѓање во текот на превозот, со тоа што бочните и задната страница треба да бидат подвижни.

За превоз на денчани предмети со поголема должина (дрвена граѓа, железни цевки, шипки, шини и сл.) товарната површина на отворените товарни возила на надворешниот раб треба да има поставено железни столбчиња што служат за обезбедување на предметите од испаѓање во текот на превозот, како и потребен прибор за поврзување и зацврстување на предметите кои ги превезуваат (синџири, кланфи, челично јаже, полуги и сл.).

Член 12

Покриените товарни возила се употребуваат за јавен превоз на предмети на кои им пречат атмосферските и другите надворешни влијанија.

Покриеното товарно возило треба да има покривач кој се поставува на полукружни носачи во облик на сводови или во облик двоводен покрив. Овие носачи мораат да бидат така поставени да не можат да се вадат од надворешната страна. Покривачот мора да биде изработен од материја која не прокиснува (церада или сл.) и да имаат на рабовите отвори зајакнати со метали или кожа, кои служат за неговото зацврстување за алките и куќите, а кои се поставени на погодно место на товарното возило. Ако покриеното товарно возило се користи за превоз на предмети кои бараат проветрување во текот на превозот, бочните страни на покривачот мораат да имаат отвори со преклопци кои можат да се отвараат и затвараат, со тоа што големината на отворите треба да биде таква да низ нив не може да се внесуваат или изнесуваат предметите од товарното возило.

Член 13

Затворените товарни возила се употребуваат за јавен превоз на предмети во непакувана или пакувана положба на кои атмосферските и другите надворешни влијанија може да им нанесат штета во поголема мера.

Затворените товарни возила мора да имаат затворен товарен сандак (фургон).

Ако предметите кои се превезуваат со затворени товарни возила во текот на превозот бараат проветрување, во затворениот товарен сандак треба да постојат отвори заштитени со метални решетки или мрежа која оневозможува внесување или изнесување предмети во товарниот сандак.

Член 14

Специјалните товарни возила се употребуваат за превоз на предмети кои бараат посебни услови во превозот.

Како специјални товарни возила се сметаат: возилата за превоз на мебел, автоцистерни, возилата за превоз на материја која подлежи на расипување во услови на неконтролирана температура (возило со уреди за регулирање на температура), возила за превоз на животни, специјални возила за превоз на стока во растресита состојба, како и другите возила за превоз на тешки и гломазни предмети.

Член 15

Специјалните товарни возила за превоз на мебел мораат да имаат затворен товарен сандак (фургон) чии внатрешни страни се тапацирани. Овие возила мораат да располагаат со прибор за правилно сместување на предметите во возилото и за обезбедување од расипување и оштетување во текот на превозот (перници, прекривачи и др.).

Член 16

Специјалните товарни возила за превоз на жива стока мора да имаат товарен сандак од сите страни со решетки и да е заштитен од горната страна по потреба заради обезбедување на животните од атмосферските и другите надворешни влијанија во текот на превозот. Задната страница на товарниот сандак треба да биде подвижна и така поставена да може да служи како рампа за втерување и истерување на животните.

Подот на товарниот сандак треба да е изграден од материјал што не е лизгав. На бочните внатрешни страни на товарниот сандак мора да има алки или метални шипки за врзување на животните.

Член 17

Автоцистерната е специјално товарно возило за превоз на течности.

Автоцистерната мора да ги исполнува следните услови:

— од внатрешната страна да има вградена изолација од материјал кој не влијае штетно на течноста што се превезува;

— од надворешната страна да е бојадисана со светла мрсна боја заради изолација;

— да е така изградена што да обезбедува потполна непропустливост на течноста; и

— да има уреди за полнење и празнење во таква состојба да не ја растураат течноста и да се изградени од материјал кој штетно не влијае на течноста која се превезува.

Цистерната која се превезува на товарниот сандак на товарното возило е зацврстена на начин што оневозможува нејзино поместување.

Цистерните наменети за превоз на прехранбени течности не може да се употребуваат за превоз на други течности кои би можеле штетно да влијаат на прехранбените течности.

Член 18

Товарните возила со уреди за регулирање на температурата се: возила со проветрување и изотермички возила.

Изотермичките товарни возила може да бидат: обични ладилници и со загрејување.

Член 19

Возилото со уред за проветрување има затворен сандак со уреди за проветрување со кои може да се ракува од надворешната страна.

Член 20

Обичното изотермичко товарно возило има затворен товарен сандак чии страници се изградени на начин и од материјал кој го ограничува влијанието на температурата на стоката која се превезува.

Член 21

Ладилникот е изотермичко товарно возило со извор за ладење кое се постигнува со средство за ладење (природен и сув лед и сл.) или со механички уреди.

Во ладилникот со извор за ладење без механички уреди мора да биде обезбеден степен на температура од +5°С до —18°С ако надворешната температура изнесува до 25°С.

Ладилникот од став 2 на овој член мора да има повеќе прегради одредени за средствата за ладење кои овозможуваат полнење од надворешната страна.

Во ладилникот со механички извор на ладење мора да биде обезбедено стално одржување на температурата од +12 до —20°С ако надворешната температура изнесува +30°С.

Член 22

Изотермичкото товарно возило што се загрејува мора да има извор на топлина која овозможува одржување на температурата најмалку +12°С.

Член 23

Коморите на товарните возила со уреди за регулирање на температурата се изработени од материјал што не 'рѓосува и што лесно се чисти.

Уредите за регулирање на температурата во возилата мора да бидат сместени така да овозможуваат чистење од надворешната страна.

Член 24

Специјалните возила за превоз на стока во растресита состојба имаат уреди за автоматско истоварување на стоката.

Член 25

Сите товарни возила за јавен превоз на стока задолжително имаат исправен апарат за гасење пожар, прирачна аптека, а во зимскиот период и синџири, лопати, копачи, потпирачи и сличен алат.

Член 26

Товарното возило со кое се врши јавен превоз во патниот сообраќај мора да биде посебно означено.

Означувањето се врши на тој начин што браниците на возилото се обоени со бела боја.

На товарното возило се означува и називот на организацијата на која возилото и припаѓа, како и неговата корисна носивост односно кај цистерните содржината утврдена со баждарењето.

Ознаките од претходниот став се наоѓаат по правило на вратите на товарното возило од неговата надворешна страна.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Организациите на здружениот труд што вршат јавен превоз на патници и стока во патниот сообраќај, се должни да ги сообразат техничко-експлоатационите услови на моторните и приклучните возила со одредбите на овој правилник во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој правилник.

Член 28

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за техничко-експлоатационите услови за моторните возила со кои се врши јавен превоз во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ", бр. 37/64).

Член 29

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-616/1
24 јули 1975 година
Скопје

Републички секретар за
сообраќај и врски,
**Александар Варналиев,** с. р.

---

**391.**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за организацијата на превозот во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ", бр. 9/74), републичкиот секретар за сообраќај и врски донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД КОИ ВРШАТ ЈАВЕН ПРЕВОЗ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ВО ПОГЛЕД НА ЗАШТИТНИОТ ПРОСТОР ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА И ПОТРЕБНИОТ БРОЈ НА СТРУЧЕН КАДАР

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат поблиските услови што организациите на здружениот труд кои вршат јавен превоз треба да ги исполнуваат во поглед на заштитниот простор за сместување и обезбедување на возилата и потребниот број на стручен кадар.

Член 2

Под заштитен простор се подразбира пригоден простор што служи за сместување, чување и обезбедување на моторните возила.

Заштитниот простор треба да биде бетониран, асфалтиран или поплочен и ограден.

Член 3

Организациите на здружениот труд што вршат јавен превоз, покрај стручните кадри предвидени со член 7 став 1 точка 4 од Законот за организација на превозот во патниот сообраќај, треба да имаат:

— по еден сообраќаен техничар за патен сообраќај ако располагаат до 30 моторни возила и на секои понатамошни започнати 30 моторни возила уште по еден сообраќаен техничар; и

— по три автомеханичари ако располагаат до 10 моторни возила и на секои понатамошни започнати 10 моторни возила уште по еден автомеханичар.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-617/1
24 јули 1975 година
Скопје

Републички секретар за
сообраќај и врски,
**Александар Варналиев,** с. р.

**392.**

Врз основа на член 31 и 42 од Законот за организација на превозот во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ“, бр. 9/74), републичкиот секретар за сообраќај и врски донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА СЛУЖБЕНАТА ОБЛЕКА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПОСАДАТА НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Организациите на здружениот труд што вршат јавен превоз на патници во линискиот меѓуместен патен сообраќај, на членовите на посадата на моторните возила им обезбедуваат службена облека утврдена со овој правилник.

Одредбите од претходниот став се однесуваат и на членовите на посадата на моторните возила со кои се врши јавен превоз на патници во слободниот патен сообраќај.

Членови на посадата на моторни возила, во смисла на одредбите на овој правилник, се возачот, кондуктерот и домаќинот на возилото, како и останатите работници на организацијата на здружениот труд кои работите од своето работно место ги вршат во возилото за време на превозот на патници (контролор, водич и др.).

Член 2

Службената облека е зимска и летна.

Зимската службена облека се состои од палто, панталони, кошула и врска.

Летната службена облека се состои од пантолони и кошула.

Жените можат наместо панталони да носат здолниште.

Член 3

Службената облека е во сиво сина боја.

Зимската службена облека е од штоф, а летната е од полесна ткаенина.

Кошулата е од платно во светло сина боја.

Врската е темно сина боја и се врзува по должина. Врската задолжително се носи со зимската службена облека.

Комбинирано носење на зимска и летна службена облека не е дозволено.

Член 4

Палтото е од отворен крој на еден ред со две копчиња што се закопчуваат десно. На боковите од обете страни има надворешни џепови без преклоп, а на левата страна на градите има надворешен џеп без преклоп.

Панталоните се од обичен крој и со вообичаена широчина и без манжетни.

Кошулата е од обичен крој, а на предниот дел од левата страна на градите има прошиен џеп без преклоп. Зимската кошула е со долги, а летната со куси ракави.

Здолништето е од обичен крој и со вообичаена должина.

Член 5

Составен дел на службената облека е и ознаката со која се обележува видот на стопанската дејност на организацијата на здружениот труд.

Ознаката од претходниот став се носи на палтото на горниот џеп, а на летната кошула на горниот џеп од левата страна

Член 6

Зимската службена облека се носи во периодот од 1 октомври до 30 април, а летната во периодот од 1 мај до 30 септември во календарската година.

Член 7

Членовите на посадата на моторните возила кои се обезбедени со службена облека по прописите што важеле до влегување во сила на овој правилник можат таа облека да ја носат и по влегувањето во сила на овој правилник, но најдоцна до крајот на 1976 година.

Член 8

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за службената облека на членовите на посадата на моторните возила во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ“, бр. 23/64).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-615/1
24 јули 1975 година
Скопје

Републички секретар за сообраќај и врски,
**Александар Варналиев,** с. р.

---

**393.**

Врз основа на член 37 од Законот за организација на превозот во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ“, бр. 9/74), републичкиот секретар за сообраќај и врски донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕТО, ОПРЕМУВАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ И ПОСТОЈКИ

I ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Обележувањето, опремувањето и одржувањето на автобуските станици и постојки се врши според одредбите на овој правилник.

II ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ И ПОСТОЈКИ

Член 2

Автобуската станица и постојка се обележуваат со знак за известување обоен со темно-сина боја, со вцртана силуета на автобус со бела боја што свети.

Знакот од претходниот став се поставува на начин пропишан за сообраќајните знаци за известување.

Член 3

Покрај знакот од член 2 на овој правилник автобуската станица се означува и со натпис „Автобуска станица“ и со називот на местото.

Формата, големината и бојата на натписот, како и местото на кое се поставува треба да одговараат на градежниот изглед на станицата.

Член 4

На автобуската станица и постојка постојано треба да биде истакнат извод од возниот ред.

На автобуските постојки без чекална или заклон, изводот од возниот ред се поставува на табла која се прицврстува за столбот на знакот за обележување на автобуската постојка.

Основата на таблата од претходниот став е бело обоена, а натписите се испишуваат со црна боја.

Член 5

Формата и големината на знакот за известување на автобуската станица и постојка и таблата за изводот на возниот ред на автобуската постојка се утврдени во посебна скица што е составен дел на овој правилник.

## III ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ И ПОСТОЈКИ

Член 6

Автобуската станица ги има најмалку следните простории и уреди:

— покриени перони (места за поаѓање на автобусите) во број кој ќе обезбеди најмалку еден перон за секое поаѓање на автобусите во времето од 15 минути при максималниот број на автобуски поаѓања утврдени со возниот ред;

— простории за задржување на патниците (чекални). Чекалната треба да има таква димензија што ќе овозможи сместување на 30% од патниците што доаѓаат, односно поаѓаат од автобуската станица во време од еден час;

— шалтери за продавање на возни билети во зависност од бројот на патниците што ги опслужува станицата;

— шалтер за информации;

— простории за чување на багаж (гардероба);

— простории за канцеларии;

— уреди за затоплување и проветрување на затворените простории;

— уреди за разгласување;

— електрично осветление;

— текушта вода за пиење;

— санитарен чвор со тоалети во зависност од бројот на патниците што минуваат низ автобуската станица;

— јавни телефонски говорници;

— радио или телепринтерска врска за поврзување помеѓу автобуските станици;

— противпожарни апарати и прирачни аптеки за прва помош;

— сандаче за писма;

— книга за примедби на патниците;

— книга (дневник) за евидентирање на поаѓањето и доаѓањето на автобусите;

— табли за соопштување на задоцнувањата;

— возен ред истакнат на видно место; и

— тарифа (ценовник) за наплата на превозните услуги.

Просториите и уредите од претходниот став мора да ги задоволуваат основните хигиенски, технички и санитарни услови и да бидат опремени со соодветни направи заради удобно и безбедно задржување на патниците и нормално вршење на работите.

Член 7

Во автобуските станици задолжително се обезбедува редовно одржување на објектите и просториите, како и редовно функционирање на инструментите и уредите.

Член 8

Во ноќните часови на работното време автобуската станица и пероните мораат да бидат осветлени.

Чекалните во автобуските станици мораат да бидат во зимскиот период затоплени со температура од најмалку 18°C.

Член 9

Автобуската станица се отвара најмалку половина час пред поаѓањето, односно доаѓањето на првиот автобус според возниот ред и се затвара по доаѓањето, односно поаѓањето на последниот автобус.

Член 10

Големината на просторот на автобуската станица и постојка за застанување на автобусите зависи од бројот на автобусите што треба едновремено да застануваат.

Просторот на автобуската станица и постојка од претходниот став мора да биде бетониран, асфалтиран, поплочен или постелен со коцка.

Член 11

На автобуската постојка каде што има повеќе од пет тргнувања дневно во обата правца, се изградува затворен простор опремен со клупи за седење на патниците.

## IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за обележување на автобуските станици и автобуските постојки („Службен весник на СРМ“, бр. 23/64) и Правилникот за опремување и одржување на автобуските станици и автобуските постојки („Службен весник на СРМ“, број 5/70).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-613/1
24 јули 1975 година
Скопје

Републички секретар за сообраќај и врски,
**Александар Варналиев,** с. р.

СКИЦА НА ЗНАКОТ СО ВОЗЕН РЕД



**394.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за организација на превозот во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ“ бр. 9/74), републичкиот секретар за сообраќај и врски донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПРЕВОЗНАТА ИСПРАВА НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Автобусите, товарните моторни возила и нивните приклучни возила како и тракторите со приклучни возила, со кои се врши јавен превоз и превоз за сопствени потреби во патниот сообраќај, мораат да имаат превозна исправа (патен налог).

Член 2

Патниот налог го издава превозникот.

Превозникот е должен да води евиденција за издадените патни налози.

Член 3

Патниот налог за автобус особено содржи:

1. податоци за видот на превозот (на пример: „јавен линиски“, „јавен слободен“, „превоз за сопствени потреби“);
2. назив на организацијата на здружениот труд и назив на основната организација на здружениот труд;
3. седиште и адреса на превозникот;
4. број, место и дата на издавањето на патниот налог;
5. име и презиме на возачот и на другите членови на посадата;
6. основни податоци за правецот на движењето (релација);
7. име и презиме и функција на работникот одговорен за односната дејност во организацијата;
8. име и презиме и потпис на работникот овластен за издавање на патниот налог;
9. марка, носивост и регистарски број на автобусот и приклучното возило;
10. потврда за техничката исправност на возилото;
11. име и презиме, функција и потпис на работникот одговорен за техничката исправност на возилото и потпис на возачот дека возилото го примил во технички исправна состојба;
12. дата, време на поаѓањето од почетната станица, доаѓање односно заминување од попатна станица и доаѓање во крајната станица;
13. потврда на автобуските станици за времето на доаѓањето односно поаѓањето на возилото;
14. изминати километри, презедените патници и патните километри; и
15. забелешка на инспекциските и контролните органи.

Член 4

Патниот налог за товарното моторно возило особено содржи:

1. податоци за видот на превозот (на пример: „јавен линиски“, „јавен слободен“, „превоз за сопствени потреби“);
2. назив на организацијата на здружениот труд и назив на основната организација на здружениот труд;
3. седиште и адреса на превозникот;
4. број, место и дата на издавањето на патниот налог;
5. име и презиме на возачот и на другите членови на посадата;
6.име и презиме на работниците за утовар и истовар, што се возат со товарното моторно возило;
7. основни податоци за превозот на движењето (релација);
8. име и презиме и функција на работникот одговорен за односната дејност во организацијата;
9. име и презиме и потпис на работникот овластен за издавање на патниот налог;
10. број на товарниот лист со ознака на видот на стоката што се превезува и за кого се превезува;
11. марка, носивост и регистарски број на товарното моторно возило и приклучното возило;
12. потврда за техничката исправност на возилото;
13. име и презиме, функција и потпис на работникот одговорен за техничката исправност на возилото и потпис на возачот дека возилото го примил во технички исправна состојба;
14. дата, време на поаѓањето од почетното место, доаѓањето односно заминувањето од попатното место и доаѓањето во крајното место;
15. изминати километри, превезена стока — тони и тон километри; и
16. забелешка на инспекциските и контролните органи.

Член 5

Патниот налог мора да биде кај возачот на автобусот односно на товарното моторно возило за сето време на траењето на возењето.

Член 6

Во патниот налог превозникот може да води и други податоци според своите потреби (за работата на возачот, за остварената работа на возилото, за потрошеното гориво, мазиво и гуми, приходи на возилото и слично).

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-614/1
24 јули 1975 година
Скопје

Републички секретар за сообраќај и врски,
**Александар Варналиев**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

**300.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Кавадарци, на седницата одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ И ДНЕВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се одредува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните

трошоци и висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место која им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на фондовите на Заедницата, а во случаите кога користат здравствена заштита на начин пропишан со Статутот на Заедницата и Правилникот за начинот на остварувањето на здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување.

**Надоместок на превозните трошоци**

Член 2

Надоместок на трошоците за превоз им припаѓа на осигурените лица за случаите предвидени со Статутот на Заедницата во висина на тарифата за редовните средства на јавниот сообраќај.

Надоместок на трошоците за превоз им припаѓа на осигурените лица кога превозот е извршен и со други превозни средства поради итноста на случајот или здравствената состојба, по налог на лекарот или здравствената организација.

Кога превозот, во случај од претходниот став, е извршен без претходен налог на лекарот или здравствената организација, оправданоста на превозот на превозните средства накнадно ја цени лекарската комисија на Заедницата.

Член 3

Надоместокот на трошоците на превозот се одредува по правило според најкусата релација и тоа по основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот сообраќај.

Под основна тарифа од јавниот сообраќај се подразбира:

1. во случај на патување со железница, осигуреното лице има право на полната цена на чинењето на брзи воз (шинобус) II класа;
2. во речниот и поморскиот сообраќај припаѓа цена од II класа на пловните возила;
3. кога превозот се врши со автобус, припаѓа право на полна цена на чинењето на превозот.

Кога на иста релација постои железнички, бродски или автобуски сообраќај, осигуреното лице има право на надоместок на превозните трошоци по најниската тарифа.

Ако превозот е извршен во смисла на ставот 2 од член 2 на оваа одлука, надоместок на трошоците за превоз припаѓа по 1,30 динари од километар.

Член 4

Ако осигуреното лице, врз основа на посебни прописи, има право на бесплатно возење, при користењето на превозните средства на јавниот сообраќај не му припаѓа надоместок на трошоците за превоз.

Одредбата од претходниот став не се однесува на случаите кога осигуреното лице има право на повластено возење само за одреден број патувања во текот на годината.

Член 5

На осигуреното лице кое користи здравствена заштита вон одредбите на Правилникот за начинот на користењето на здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување, не му припаѓа надоместок за патни трошоци.

Член 6

Налог односно упат за патување во друго место поради специјалистички преглед важи по правило само за едно патување.

Доколку лекарот специјалист, на кого осигуреното лице му е упатено на прв специјалистички преглед, најде дека е потребно испитување и лекување и кај други специјалности, првобитниот упат важи за сите останати прегледи.

Кога осигуреното лице, во смисла на претходниот став, е упатено односно преземено на амбулантно специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за сето време додека трае лекувањето односно испитувањето.

**Висина на надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место**

Член 7

Надоместок на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место на осигуреното лице му припаѓа како следува:

1. на подрачјето на сопствената општина односно заедница — во износ од 30 динари;
2. на подрачјето на Републиката, а вон подрачјето на Заедницата — во износ од 70 динари;
3. вон подрачјето на Републиката — во износ од 100 динари;
4. во центрите на Републиката (СФРЈ) — 150 динари.

За осигурени лица — деца до навршени 7 години на живот надоместоците за исхрана и сместување изнесуваат 50% од надоместоците од претходниот став.

Надоместокот за трошоци за исхрана и сместување припаѓа во полн износ ако патувањето и престојот во друго место траело повеќе од 12 а помалку од 24 часа, во половина износ ако патувањето траело повеќе од 8 а помалку од 12 часа.

Ако осигуреното лице не користи ноќевање, износот од полниот надоместок што припаѓа за престој подолг од 12 часа се смалува на 30%.

Член 8

Барањето за надоместок на трошоците за превоз и надоместок за исхрана и сместување стасуваат првиот нареден ден по завршеното лекување, односно завршеното патување.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 15 април 1975 година.

Бр. 01-226
27. март 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

**301.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање општински заедници на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните ви-

дови на здравствената заштита на населението не е утврдена основица за придонес.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци, основицата е личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следните износи:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 1000,00 дин. |
| — за полуквалификувани работници | 1100,00 дин. |
| — за квалификувани работници | 1300,00 дин. |
| — за висококвалификувани работници | 1700,00 дин. |
| — за домашни помошнички | 1000,00 дин. |

За ученици во стопанството, односно ученици на училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практичка настава во работната организација, училиштата или кај приватниот работодавец, основица е наградата што ја прима, но не помалку од следниот износ:

| | |
|---|---|
| — за прва година | 115,00 динари |
| — за втора година | 230,00 динари |
| — за трета година | 350,00 динари |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-231
4 април 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

---

**302.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Кавадарци, на седницата одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето правото за спрема на новородено дете која припаѓа на осигурениците на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Кавадарци.

Член 2

Висината на надоместокот за спрема на новородено дете изнесува 250 динари за секое дете.

Надоместокот за спрема на новородено дете се исплатува доколку се исполнети условите за истата предвидени во одредбите на Статутот на Заедницата.

Член 3

Надоместокот за спрема на новородено дете го исплатува Стручната служба на Заедницата на основа поднесено барање од страна на осигуреникот.

Кон барањето задолжително се прилагаат следните докази:

— оценка од матичниот лекар — гинеколог според која пороѓајот ќе уследи во рок од 1 месец од денот на оценката во случај на исплата пред пороѓајот;

— доказ за усвојување на дете и доказ дека за тоа дете помош не е исплатена, во случај да се користи надоместок за спрема кога детето се усвојува;

— потврда од матичната здравствена работна организација во случај на мртвородено дете.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 15 април 1975 година.

Бр. 01-224
27 март 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

---

**303.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 13 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД ВО СЛУЧАЈ НА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува надоместокот на личен доход во случај на спреченост за работа ако се:

1. поради болест или несреќа на работа привремено неспособни за работа;

2. спреченост за работа поради одредено лекување или медицинско испитување кои не можат да се вршат надвор од работното време на осигуреникот;

3. изолирани како бактерио-носители или поради појава на заразни заболувања од нивната средина;

4. определени да негуваат раздвоен член на потесното семејство или брачен другар — породилка;

5. определени за придружба на болно лице упатено на лекување или лекарски преглед во друго место;

6. поради бременост и породување.

Член 2

Височината на надоместокот на личен доход по истекот на првите 30 дена на спреченост на работа поради привремена неспособност за работа (боледување) поради определено лекување во текот на работното време, за време на неопходно лекување поради болест или несреќа на работа, одредено лекување или медицинско испитување, санитарна изолација и друго изнесува:

1. 85% од основот за надоместок од 31-от до 60-от ден,

2. 95% од основот за надоместок од 61-от ден на спреченоста за работа на осигуреници кои пред настапувањето на случајот ги исполнувале условите од претходното осигурување спрема статутот на заедницата.

Член 3

Осигурениците кои пред настапувањето на случајот не го исполнуваат условот од претходното осигурување висината на надоместокот на личниот доход изнесува:

1. 75% од основот за надоместок од 31-от до 60-от ден,

2. 85% од основот на надоместокот од 61-от ден од спреченоста за работа.

Член 4

За лицата што вршат приватна професионална дејност надоместокот на личен доход припаѓа од 31-от ден на спреченоста на работа во висина од 85% односно 95% од 61-от ден на спреченост за работа.

Член 5

На осигурениците кои имаат право на надоместок на личниот доход за време на привремената спреченост за работа додека се наоѓаат во стационарни здравствени организации или други специјализирани установи во кои им е обезбедено сместување и исхрана, надоместокот на личен доход се смалува и тоа:

1. за 25% ако нема членови кои ги издржува,

2. за 10% ако има еден член на издржување,

3. на осигуреник кој има 2 или повеќе членови за издржување надоместокот за личен доход не му се намалува.

Како членови кои ги издржува осигуреникот во смисла на член 5 од оваа одлука се земаат во обзир само децата на осигуреникот на кои им се обезбедува здравствена заштита и брачниот другар.

Член 6

Висината на надоместокот на личниот доход за време на спреченост на работа поради несреќа на работа и заболување од професионални болести, како и кога осигуреникот е одреден за придружник за болно лице упатено на лекување на друго место изнесува 100% од основот на личниот доход.

Член 7

Надоместокот на личниот доход за време на спреченост за работа поради нега на болен член на потесното семејство припаѓа:

— за деца до 1 година за целото време додека трае спреченоста за работа,

— за деца од 1 — 3 години старост за целото време додека трае боледувањето,

— за деца од 3—15 години старост 15 дена, а над 15 годишна возраст 7 дена,

— за нега на брачен другар — породилка 7 дена.

Член 8

За деца од 0 — 3 години возраст боледување до 15 дена дава лекар поединец, а над 15 дена лекарска комисија.

За деца од 3 — 15 години возраст, како и за нега на брачен другар дава лекар поединец.

Член 9

Надоместокот на личен доход на осигурениците — работници (работнички) за време на спреченоста за работа поради нега на болно дете изнесува:

— 80% за првите 60 дена,

— 90% од основицата почнувајќи од 61-от ден па до крајот на спреченоста за работа за деца од 0 — 3 години,

— 80% од основицата за деца од 3—15 години возраст, над 15 години возраст и за нега на брачен другар — породилка.

Член 10

Надоместок на личен доход за време на отсуство поради бременост и породување припаѓа во висина од 100% од основот на личен доход ако го исполнува условот од претходното осигурување. т. е. ако има навршено 9 месеци работен стаж (а ако не го исполнува условот од претходното осигурување 8%).

Член 11

Во случај на спреченост за работа за првите 30 дена кога надоместокот на личниот доход паѓа на товар на средствата на приватниот работодавец височината на надоместокот изнесува:

— 80% од основицата на осигуреникот кој го исполнува условот на претходното осигурување,

— 70% од основицата за осигурување на осигурениците кои не го исполнуваат условот на претходното осигурување,

— 100% од основот на осигуреникот во случај на несреќа на работа и заболување од професионални заболувања.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 15 април 1975 година.

Бр. 01-242
2 април 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

---

**304.**

Врз основа на член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци. Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Заради порационално и поекономично користење на средствата наменети за здравствена заштита, со оваа одлука се определуваат видовите на здравствените услуги при чие користење осигурените лица на Заедницата задолжително учествуваат во поднесувањето на трошоците, како и височината на тоа учество.

Член 2

Оваа одлука се применува на осигурените лица на Заедницата кои се осигурени по одредбите на Статутот и Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението.

Осигурените лица од претходниот став не учествуваат во трошоците при користењето на здравствените услуги кои имаат карактер на задолжителни видови на здравствена заштита и здравствените услуги предизвикани со несреќа на работа и професионални заболувања предвидени со Законот и Статутот на Заедницата.

Член 3

Осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за:

1. сите лекови со 2,00 динари по еден лек, освен за оние лекови за чија употреба е потребна непосредна интервенција од стручен здравствен работник;

2. здравствените услуги пружени со цел за естетска корекција на одделни органи или делови на телото, естетски операции на носот, ушните школки, лицето, дојките, операција на брадавица и сл. со 50% од вкупната вредност, освен кога корекциите се потребни за премавнување на

функционални и психички пречки — психичка надградба и оштетувања предизвикани не по вина на осигуреникот.

За случаите кои треба да се ослободат од учество во трошоците по оваа точка треба да се прибави мислење од Лекарската комисија на Заедницата;

3. здравствените услуги пружени со цел за хируршки корекции на вродените недостатоци и деформации или слични на нив, настанати пред здобивање својство на осигурено лице — со 30% од вкупната вредност;

4. сите здравствени услуги — абортуси за кои не постои апсолутна медицинска индикација — со 50% од вкупната вредност;

5. чевли со протези — со 40% од вкупната вредност;

6. Ортопедски чевли:

— до 200 динари вредност — со 35% од вкупната вредност,

— до 250 динари вредност — со 30% од вкупната вредност,

— преку 250 динари вредност — со 25% од вкупната вредност.

Учеството од оваа точка не може да го надмине износот од 100 динари,

— нараквици — со 30% од вкупната вредност;

7. сите видови гумени чорапи, освен на осигурените лица од женскиот пол, кога носат протези на долните екстремитети со 40% од вкупната вредност;

8. затеги суспензориуми и појаси — со 30% од вкупната вредност;

9. корсети и мидери — со 30% од вкупната вредност;

10. ортопедски влошки — со 40% од вкупната вредност;

11. кожни капи — со 40% од вкупната вредност;

12. протези за горни и долни екстремитети (вештачки раце со дланки, функционални продолжетоци и непоставени кожни џараквици), како и протези на долните екстремитети (со навлака за поткинат дел), кога потребата за овие протези настанала пред здобивање својство на осигурено лице — со 20% од вкупната вредност;

13. очила — со 40% од вкупната вредност;

14. слушни помагала — со 20% од вкупната вредност;

15. привремени и имедијатни протези — со 50% од вкупната вредност;

16. заботехничка помош и други забнопротетички средства со 20% од вкупната вредност;

17. вештачка дојка со 20% од вкупната вредност;

18. перики — со 40% од вкупната вредност;

19. апарати за говор — со 20% од вкупната вредност;

20. за сите пружени здравствени услуги предизвикани во пијана состојба — со 50% од вкупната вредност.

Член 4

Како трошоци во смисла на оваа одлука се подразбираат цените на лековите, услугите, помагалата и санитарните справи утврдени со договор меѓу Заедницата и здравствената работна организација односно Заедницата и работната организација која го испорачува помагалото и санитарните справи, односно лекот.

Член 5

Осигурените лица го плаќаат утврдениот дел на учество со оваа одлука на организацијата која ќе ја изврши услугата, односно која ќе го испорача лекот или помагалото и во случај кога таа организација не склучила договор со Заедницата на осигуреното лице, а има регулирани договорни односи со подрачната заедница на здравственото осигурување.

Член 6

Осигурените лица не учествуваат во трошоците за поправка на помагалата кога на таква поправка имаат право согласно Правилникот за индикациите, за стандардите за материјали и за роковите на траењето на протетичките и ортотичките средства и санитарните справи, за очните и слушните помагала, како и помагалата за овозможување на гласен говор и Правилникот за индикациите за забнопротетичка помош, за стандардите за материјали од кои се изработуваат забнопротетички средства и за роковите на траењето на тие средства („Службен весник на СРМ“ бр. 42/72).

Осигурениците — уживатели на пензија со заштитен додаток и членовите на семејствата кои тие здравствено ги осигуруваат, како и осигурениците — лица пријавени во Заводот за вработување кои примаат материјално обезбедување и членовите на семејствата кои тие ги издржуваат, плаќаат учество во трошоците на здравствените услуги предвидени во член 3 став 1 од оваа одлука, освен за услугите од точка 2 на спомнатиот став.

Член 7

Оваа одлука важи од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-238
2 април 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

---

**305.**

Врз основа на член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОСТОЈНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТЕН ОДНОС

Член 1

Придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита и здравствена заштита што самостојно ја утврдуваат осигурениците во постојан месечен износ се плаќа:

1. за лицата кои учествуваат на младински работни акции на кои, по прописите за инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност — 85 динари;

2. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — 85 динари;

3. за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука — логорување — 85 динари;

4. за лицата припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита за време на изведување на задачите на територијалната одбрана — 85 динари;

5. за уживателите на постојана државна помош, дадена од страна на поранешните президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет — 85 динари;

6. за уживателите на инвалиднина по прописите за инвалидско осигурување и тоа само за случај на потреба од лекување во врска со повредата или заболување што предизвикало телес-

но оштетување на кои им припаѓа право на инвалиднина — 12 динари.

Придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести, во постојан месечен износ се плаќа:

1. за учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии, за времетраењето на практичната работа во врска со наставата — 8 динари;

2. за лицата кои учествуваат во младински работни акции на кои, по прописите за инвалидско осигурување, се осигурени за сите случаи на инвалидност — 8 динари;

3. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции — 8 динари;

4. за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука — 8 динари;

5. за лицата кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита — 6 динари;

6. за лицата кои работат помалку од половината од полното работно време — 8 динари, и

7. за припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита — 8 динари.

Член 3

За членовите на потесното семејство на југословенски државјани во работен однос во странство, ако не им е обезбедено здравствена заштита на членовите кои остануваат во Југославија од странскиот носител на осигурување — 90 динари.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-234
2 април 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

---

**306.**

Врз основа на член 23 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница за сите 3 собори, одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат како издржувани лица, членовите на семејствата и другите лица што се осигурени според одредбите на Законот на здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), како и условите под кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи за издржување.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 400 динари годишно по едно издржувано лице, или ако другите приходи не го надминуваат износот од 150 динари месечно по едно издржувано лице, или ако катастарскиот приход и другите приходи заедно не го надминуваат износот од 1.400 динари годишно по едно издржувано лице.

Уверението за семејна и материјална положба од Управа за приходи да гласи од претходната година.

Член 4

Членот на семејството кој не живее во заедничко домаќинство со осигуреникот ќе се смета за издржувано лице ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите предвидени во член 3 на оваа одлука и ако осигуреникот учествува во трошоците на неговата издршка со најмалку од 300 динари месечно.

Член 5

Се смета дека лицата земени на издржување немаат сопствени приходи доволни за издржување, ако нивните приходи односно ако приходите на нивните родители по член на домаќинство не ги надминуваат износите предвидени во член 3 од оваа одлука.

Член 6

Како приходи во смисла на член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина за телесно оштетување и додаток за помош и нега што се обезбедуваат според прописите од инвалидското осигурување, како и другите примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи, со кој се установува одделното примање, изрично е утврдено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Износите од членот 3 и 4 од оваа одлука ќе важат додека со самоуправниот договор на заедниците на здравственото осигурување во СР Македонија, или со соодветен акт на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување во СР Македонија овие износи не бидат определени поинаку.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување донесена од Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, бр. 01-60/8 од 30. I. 1973 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 мај 1975 година.

Бр. 01-228
27 март 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

**307.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ И САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ

Член 1

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и угостители служи даночната основица (личниот доход) од самостојно вршење на стопанската дејност утврдена за претходната година со тоа што таа основица се смета како аконтација за текуштата година.

За самостојните занаетчии и угостители на кои не им се утврдува даночната основица или данокот го плаќаат во годишен паушален износ, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување служи годишниот паушален износ на данокот од самостојно вршење на стопанска дејност во текуштата година.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и угостители утврдена со претходните ставови на оваа точка не може да изнесува помалку од минималниот личен доход во Републиката за текуштата година.

Член 2

Ако даночната основица (личниот доход) од самостојна занаетчиска односно угостителска дејност не е утврдена како основица за плаќање на придонесот и определување на правата по основ на најниската основица на осигурувањето од точка I став 2 на оваа одлука, со тоа што конечното утврдување на основицата на осигурувањето ќе се изврши кога ќе се утврди даночната основица (личниот доход) од самостојното вршење на стопанската дејност.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-227
27 март 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

**308.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ПРИВРЕМЕНО ВОН РАБОТЕН ОДНОС

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите на здравственото осигурување на осигурениците привремено вон работен однос за 1975 година.

Член 2

За лицата кои привремено ќе останат вон работен однос и кои во определениот рок утврден според Законот за материјално обезбедување на привремено безработните ќе се пријават во Заедницата за вработување врз основа на што ќе имаат право на материјално обезбедување и здравствена заштита, придонесот за здравствено осигурување ќе се плаќа;

— по 7,50% од основицата на бруто износот што служи за материјално обезбедување;

— по 9,80% од основицата на нето износот што служи за материјално обезбедување.

Член 3

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува износот исплатен на име паричен надоместок на привремено безработните лица во време за кое се пресметува и исплатува придонесот за здравствено осигурување.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-240
2 април 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

**309.**

Врз основа на член 101 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО (ДЕТАШИРАНИ РАБОТНИЦИ)

Член 1

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во височина од 20% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес се пресметува одделно за секој осигурен ризик според единствени износи на придонесот.

Посебниот придонес се плаќа во валута во која се прима личниот доход.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-235
2 април 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

---

**310.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 11 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот, условите за стекнување и начинот на остварувањето правото на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигурено лице на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Кавадарци.

Член 2

Надоместокот за погребни трошоци се утврдува во износ од:

1. 800 динари во случај на смрт на осигурено лице помладо од 7 години на живот;
2. 1.100 динари во случај на смрт на осигурено лице постаро од 7 години, а помладо од 14 години на живот;
3. 1.600 динари во случај на смрт на осигурено лице постаро од 14 години на живот.

Член 3

Во случај да осигуреното лице умре во странство за време привремениот престој во странство, надоместокот од членот 1 се определува и исплатува во височина на стварните трошоци за закоп во таа земја.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои ќе го извршат закопот на осигуреното лице на основа на изводот од матичната книга на умрените, потврда за извршениот закоп и здравствената легитимација на умреното осигурено лице.

Во случај осигуреното лице да умре во странство, покрај доказите од претходниот став, поднесува и потврда од дипломатското претставништво на нашата земја во странство дека закопот е извршен во странство.

Член 5

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на семејството им припаѓа посмртна помош во височина на едномесечен износ од основот на надоместокот на личниот доход, односно едномесечна последна пензија.

Посмртната помош се исплаќа на членот на семејството кој што го издржувал осигуреникот до неговата смрт.

Член 6

Барањето за исплата на надоместок на погребни трошоци и посмртна помош стасува на денот на смртта на осигуреното лице.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 15 април 1975 година.

Бр. 01-225
27 март 1975 година
Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТЕТОВО

**311.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 12 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд од областа на здравството — даватели на услугите, одржана на 27 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината за учество — партиципација во трошоците за пружањето на здравствената заштита, условите за стекнување и начинот за остварување на осигуреници — земјоделци од Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово (во натамошниот текст: Заедница — Тетово).

Член 2

Оваа одлука се применува на осигурените лица кои исклучиво се занимаваат со земјоделска дејност како единствено и главно занимање и имаат постојано престојувалиште на подрачјето на оваа заедница.

Осигурените лица од претходниот став не учествуваат во трошоците при користењето на здравствената услуга, кои имаат карактер на задолжителни видови на здравствената заштита предвидени во член 30 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението.

Член 3

Земјоделците имаат право да користат здравствена заштита со непосредно плаќање 50%:

— од цената на услугата за амбулантно-поликлинички прегледи и услуги (општи и специјалистички);

— од цената на услугите за стационарно лекување во Медицинскиот центар — Тетово и со упат од лекарска комисија на оваа заедница во сите стационарни здравствени работни организации, вклучувајќи ги и специјализираните стационари освен стационарите со примена на природните и климатски фактори за лекување,

— од цените на прегледите, лекувањата, пломбирањето и вадењето на заби во Медицинскиот центар — Тетово и со упат според Законот во сите забоздравствени ординации, вклучувајќи ја и специјалистичката ортоденција;

— од вредноста на лековите и санитетскиот материјал во амбулантно-поликлиничкото лекување кога не се пресметани во цената на услугата;

— од цената на услугата за користење на брза помош за превоз до најблиската здравствена установа, и тоа само во итен случај;

— од вредноста на услугата за незадолжителни вакцинации.

Член 4

Правото на здравствено осигурување престанува кога на осигуреникот — земјоделец му престане својството на земјоделец во смисла на Основниот закон и Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, или кога се здобие со право на здравствено осигурување по друг основ (член 13 и 24 од Законот). На членот на семејството правото на здравственото осигурување му престанува кога тоа право ќе му престане на осигуреникот — земјоделец.

На членовите на домаќинството не им престанува правото на здравствено осигурување ако осигуреникот — земјоделец од кого го изведуваат тоа право умрел, под услов да останат да живеат на земјоделскиот имот и да плаќаат придонес од личен доход од земјоделска дејност.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 0205-720
27 јуни 1975 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БЕРОВО

**312.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 18 став 1 точка 1 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд од здравството — даватели на услугите, одржана на 30 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1975 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се изменува и дополнува Одлуката за стапките и тарифата на придонесите за здравствено осигурување и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1975 година, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 8/75, во следното:

Членот 4 ставот 1 се менува и гласи:

„Стапката на придонесот за финансирање на правата од здравственото осигурување на работниците се утврдува во височина од 8%, од тоа:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 2,80%,

— за останатите права од здравственото осигурување — 4,45%, и

— за проширена здравствена заштита — 0,75%".

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јули 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-14/1
30 јуни 1975 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КОЧАНИ

**313.**

Врз основа на член 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 22 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на ОЗЗЗО — Кочани, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 26 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА ПОШИРОКОТО СЕМЕЈСТВО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои се сметаат како издржувани лица членовите на поширокото семејство и другите лица што се осигурени според одредбите на Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), како и условите под кои се смета дека издржуваните лица немаат сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Ќе се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство или не живеат, под услов да немаат сопствени приходи доволни за издржување, предвидени во оваа одлука.

Член 3

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство кои живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот, ако тие немаат сопствени приходи доволни за издржување, односно ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 600,00 н. дин. годишно или ако другите приходи не го надминуваат износот од 200,00 н. динари месечно или ако катастарскиот приход и другите приходи заедно не го надминуваат износот од 2.400,00 дин. годишно по едно издржувано лице.

Член 4

Членот на поширокото семејство кој не живее во заедничко домаќинство со осигуреникот, ќе се смета за издржувано лице, ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите предвидени во членот 3 од оваа одлука и ако осигуреникот до-

каже дека учествува во трошоците на неговата издршка со најмалку од 300,00 динари месечно.

Член 5

Се смета дека децата земени на издржување немаат сопствени приходи доволни за издржување, ако нивните приходи односно ако приходите на нивните родители по член на домаќинство не ги надминуваат износите предвидени по член 3 од оваа одлука.

Член 6

Како приходи од член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина, односно телесно оштетување и додаток за помош и нега, што се обезбедуваат според прописите од инвалидското осигурување, како и другите примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи изрично е утврдено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Со денот на донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0204-36/5 од 05. 01. 1972 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јули 1975 година.

Бр. 837
26 јуни 1975 година
Кочани

Претседател,
**Никола Соколов,** с. р.

**314.**

Врз основа на член 22 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 26 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита на осигурените лица изнесува:

1. ако се упатуваат во места на територијата на СРМ — 60 динари;
2. ако се упатуваат во места надвор од територијата на СРМ 80 динари;
3. ако се упатуваат во Скопје — 70 динари;
4. ако се упатуваат во другите републики и покраински центри — 100 динари.

Член 2

Полна дневница се исплатува кога патувањето и престојот изнесува повеќе од 12 часа, а ако патувањето трае помалку од 12 часа а повеќе од 8 се исплатува половина дневница.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместокот на трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита, бр. 1632 од 26. 12. 1974 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1975 година.

Бр. 840
26 јуни 1975 година
Кочани

Претседател,
**Никола Соколов,** с. р.

# КОНКУРСИ

СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. Лекар специјалист
2. Лекар на специјализација II половина

Услови:

Покрај општите услови предвидени со Законот, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

Под реден број 1 — кандидатот треба да има положено специјалистички испит по специјалноста гинекологија и акушерство.

Под реден број 2 — кандидатот да ја има обавено I половина специјалистички стаж по гинекологија и акушерство;

— да приложи потврда за одлично обавениот стаж за првата половина од специјализацијата;

— потврда дека се служи со еден од светските јазици;

— да има морално-политички квалитети.

Молбите со потребните документи за исполнување на условите се доставуваат, преку архивата на работната заедница Заеднички дејности, до Советот на ООЗТ Клиника за гинекологија и акушерство.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (141)

Врз основа на член 35 од Статутот на ООЗТ „Електродистрибуција" — Пробиштип, Комисијата за работни односи на ООЗТ „Електродистрибуција"

распишува

**КОНКУРС**

за директор на работната организација (избор)

Кандидатот покрај општите услови предвидени со Законот да ги исполнува и следните услови:

1. — да има висока стручна подготовка од електро-техничка струка со 6 години стаж, од кои 3 години на раководна функција;

— виша стручна подготовка, електро-техничка струка или средна стручна подготовка — електротехничка струка со 9 години стаж од кои 6 на раководна функција;

2. да не е осудуван за кривично дело предвидено со Основниот закон за претпријатијата, со судска одлука да не му е забрането вршењето должноста директор на претпријатие;

3. да поседува морално-политички квалитети и организаторски способности.

Молбите комплетирани со потребните документи да се доставуваат до „Електродистрибуција" — Пробиштип.

Некомплетираните документи или неблаговремено поднесените молби нема да се разгледуваат.

Конкурсот е отворен 15 дена, сметано од денот на објавувањето. (142)

Конкурсната комисија на Стручната служба на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Охрид во смисла на чл. 19 од Самоуправната спогодба

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следното работно место:

1. Еден (1) приправник со високо образование — економски факултет за Службата по план, анализа и договарање.

Кандидатот од точката еден да има завршено висока школска спрема — економски факултет, а кандидатот маж да ја има регулирано воената обврска.

Со молбата заинтересираните да ги приложат потребните документи за засновање работен однос, и тоа:

— извод од матична книга на родените,
— лекарско уверение,
— работна книшка,
— уверение да не е под истрага,
— уверение да не е осудуван,
— потврда дека не е вработен, а се пријавува во Заедницата за вработување.

Конкурсот е отворен 15 дена по објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Молбите без потребните документи нема да се земат предвид при одлучувањето.

Личниот доход по Самоуправната спогодба за распределба на личен доход. (143)

## СОДРЖИНА

Страна

390. Правилник за техничко-експлоатационите услови на моторните возила со кои се врши јавен превоз во патниот сообраќај — 577
391. Правилник за поблиските услови што организациите на здружениот труд кои вршат јавен превоз треба да ги исполнуваат во поглед на заштитниот простор за сместување и обезбедување на возилата и потребниот број на стручен кадар — — — 579
392. Правилник за службената облека на членовите на посадата на моторните возила во патниот сообраќај — — — — — 580
393. Правилник за обележувањето, опремувањето и одржувањето на автобуските станици и постојки — — — — — — — 580
394. Правилник за превозната исправа на моторните возила во патниот сообраќај — 582

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

300. Одлука за надоместокот на патните и дневните трошоци на осигурените лица за време на патувањето и престојот во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — — — — — 582
301. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување на лица вработени кај приватните работодавци — 583
302. Одлука за висината на надоместокот за спрема на новородено дете на осигурениците на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Кавадарци — 584
303. Одлука за височината на надоместокот на личен доход во случај на спреченост за работа — — — — — — — — — 584
304. Одлука за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствената заштита — — — — — — — 585
305. Одлука за постојните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории лица надвор од работен однос — — — — — — — — — 586
306. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — — — — — — — — 587
307. Одлука за определување основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители 588
308. Одлука за утврдување на стапката на придонесите за здравствено осигурување на осигурениците привремено вон работен однос — — — — — — — — 588
309. Одлука за висината на стапката на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство (деташирани работници) — — — — — — — — 588
310. Одлука за височината на надоместокот на погребни трошоци и посмртна помош на осигурените лица на подрачјето на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Кавадарци — — — 589
311. Одлука за учество на осигурениците — земјоделци во трошоците за користење на здравствена заштита — — — — — 589
312. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за стапките и тарифата на придонесите за здравственото осигурување и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1975 година — — — — — — 590
313. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на поширокото семејство и дека членот на семејството нема сопствени приходи за издржување — — — — — — — 590
314. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита 591

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**